# ИЗРАБОТКА НА ИНФОРМАТИВНИ И ПРОПАГАНДНИ МАТЕРИЈАЛИ ЗА МАКЕДОНСКАТА ВИНСКА ИНДУСТРИЈА

Wines of MACEDONIA

Име на  организацијата: Здружение Вина од Македонија

***(Association Wines of Macedonia)***

- ## Мисија

Градење на препознатливост  и промоција на македонските вина на регионалните и интернационалните пазари.

- ## Визија

*Брендирање на Македонија во светски рамки како една од водечките производители на вино во Југоисточна Европа, преку колективни напори.*

# За нас

**Здружението Вина од Македонија** е доброволно, непартиско, невладино, непрофитно здружение на граѓани и правни лица активни во секторот на производство и трговија со вино во Република Македонија заради застапувањето на своите поединечни и заеднички интереси и заедничка промоција на вината од Македонија на странските пазари со цел зајакнување на препознатливоста на македонските вина и зголемување на извозот со што ќе се постигне остварување на поширок општествен интерес.

**Здружението е основано во Април 2010 година за да ги преставува заедничките интереси на членките и за да:**

- обезеди стратешка поддршка на македонскиот вински сектор, вклучувајќи развој на винарството и лозарството во Р.М;
- зголемување на извозот на флаширано вино;
- градење на препознатливост на македонските вина на регионалните и интернационалните пазари;
- директна соарботка со ресорните министерства во изготвување на стратешки документи и законски и подзаконски акти за уредување на работењето во секторот винарство и лозарство.

# Профил на публика

- Постоечка публика: (на WoM)

  *- винарии во Македонија (членки и нечленки)*

  *- професионална странска и домашна публика заинтересирана за информации во врска со Македонија како винска земја*

- Посакувана публика?

  *- интернационални увозници на вино*

  *- интернационални организации, институции*

  *- интернационални медиуми и вински критичари*

  *- интернационални купувачи - индиректна публика*

# Лого на Здружението

Wines of MACEDONIA

Логото  е топло и воедно традиционално и модерно, кое ја опишува Македонија како земја со  сите компоненти потребни за одгледување на  винова лоза .

Стилизираниот грозд го преставува сонцето како карактеристичен симбол на Македонија, кое вечно сјае врз македонската земја давајќи му на грозјето живот за да се произведе најдоброто црвено вино.

Логотот е препознатливо и карактеристично, и директен одговор на потребите на интернационалните пазари и како Вина од Македонија сака да се преставува и да гради имиџ во светски

Логото е дизјанирано од
**IdeaPlus Communications во 2013**

Wines of MACEDONIA

# Веб страна на Здружението

- Препознатлива веб страна што комуницира директно и функционално; топол и модерен дизајн во согласност со логото, кој јасно асоцира на македонско вино

- Веб страна што промовира Македонија како винска земја

- Веб страна што ги комуницира вредностите на Здружението и Македонија како винска земја

- Веб страна која повеќе е насочена кон надворешна интернационална публика

Веб страната е дизјанирана од
**SAATCHI & SAATCHI Скопје во 2014**

# Изработка на информативни и промотивни материјали за МК винската индустрија

- Општа цел на  проектот:

  Општата цел на проектот е да се постигне зголемена свест кај производителите на вино за неопходноста од квалитетна презентација на индустријата и индивидуалните капацитети на меѓународна сцена, како и зголемување на нивните извозни капацитети

  преку привлекување на нови странски купувачи.

- Конкретна цел на проектот:

  Конкретната цел на проектот е да се постигне Зголемена конкурентност на индустријата на меѓународните пазари преку подготовка и дистрибуција на пропагандни и информативни материјали за македонското вино. Материјали кои ќе се кристат на битни светски саеми за вино, вински промоции и состаноци на ВоМ со релевантни организации.

Wines of MACEDONIA

# Изработка на информативни и промотивни материјали за МК винската индустрија

- 1.Дизајн, подготовка и изработка на информативна брошура за Македонија како винска земја и развој и дизјан  на винска мапа која ќе биде дел од информативната брошура.

- 2. Дизајн, подготовка и изработка на извозен каталог за македонската винска индустрија

- 3. Продукција на краток видео запис за презентација на македонската винска приказна

Wines of MACEDONIA

# 1 и 2 Техничка спецификација за информативна брошура и извозен каталог

***Набавка на услуга за дизајн, подготовка и изработка на информативна брошура на МК винска со вклучена винска мапа и извозен каталог***

1. **Дизајн на информативната брошура и извозен каталог**

-Изработка на графички дизајн

2. **База на податоци**

-информации и фотографии обезбедени од ВоМ и винариите

# 1 и 2 Техничка спецификација за информативна брошура

***Набавка на услуга за дизајн, подготовка и изработка на информативна брошура на МК винска со вклучена винска мапа***

**3. Содржина на информативната брошура**

Информативната брошура (достапна во печатена и електронска форма) треба да ја има следнава минимална содржина:

- За Македонија основни податоци
- За државата како винска земја
- За винските региони во РМ и нивни карактеристики
- За сорти грозје, вино...карактеристики....
- Винска мапа
- Други содржини, во договор со Здржението Вина од Македонија

Предвиден број на страници: од 40 до 60

Wines of MACEDONIA

# 1 и 2 Техничка спецификација за информативна брошура

***Набавка на услуга за дизајн, подготовка и изработка на информативна брошура на МК винска со вклучена винска мапа***

**4. Содржина на извозниот каталог**

Извозниот каталог (достапен во печатена и електронска форма) треба да ја има следнава минимална содржина:

- За Македонија основни податоци
- За државата како винска земја
- Податоци за извозните перфоманси на индистријата
- Кратко сумирано инфо за винските региони во РМ и главните сорти на грозје
- Профили на винариите кои извезуваат и нивно портфолио
- Други содржини, во договор со Здржението Вина од Македонија

Предвиден број на страници: од 40 до 60

Wines of MACEDONIA

# 3. Техничка спецификација за промотивно видео

***Набавка на услуга за продукција на краток видео запис за презентација на македонската винска приказна***

1. **Потребна опрема за снимање**
   - Камера за снимање спотови и снимање со дрон (панорамски снимки, снимки во затворено....)
   - По потреба ангажирање на статисти
   - Ангажирање на наратор на текст

2. **Локации и количина**
   - Локациите за снимање ќе бидат одредени од страна на ВоМ, главно во период на берба (август/септември) и две снимања во Февруари за закројување и на пролет при цветање
   - Снимање на 7 / 10 локации низ Македонија, (винарии, лозја, и историски знаменитости) главно во Повардарски регион
   - Продукција на 2 видео записи (15 мин и скратена верзија од 3 минути)

Потребно е да се направи Сториборд кој ќе даде насоки за снимање кадри и квалитет – спецификација на снимка (секоја винарија интерно да набави дополнителни видео материјали кои ќе може после да се монтираат)

Wines of MACEDONIA

# Техничка спецификација за сите материјали

***Набавка на услуга за дизајн, подготовка и изработка на информативна брошура на МК винска со вклучена винска мапа, извозен каталог и промотивно видео***

- Конечниот изглед на дизајнот на сите материјали ќе биде дефиниран во консултации со Здружението Вина од Македонија, при што агенцијата треба постојано да соработува и да биде во комуникација со Здружението.

-Сите материјали (текстови и слики) ќе бидат обезбедени од страна на Здружението Вина од Македонија

- За промотивното видео снимањето и монтажата е потребно да се реализира од страна на агенцијата со можност за користење снимки од страна на винариите.

-Содржините во сите материјали треба да бидат изработени на англиски јазик.

Wines of MACEDONIA

# Временска рамка 2020

| | 14 Јан | До 27 Јан | До 31 Јан | До 2 Март | До 30 Сеп |
|---|---|---|---|---|---|
| Испратен и објавен повик до Агенции | ✓. | | | | |
| Доставување на понуда и предлог дизајни од страна на Агенциите | | ✓. | | | |
| Избор на Агенција со која ќе се соработува | | | ✓. | | |
| Изработка до финален производ за брошура и каталог | | | | ✓. | |
| Финален продукт видео запис | | | | | ✓. |

# Критериуми за оценување на понудите од страна на ВоМ

1. Квалитет на доставени предлог дизајни
2. Цена
3. Референци на агенцијата за останати реализрани проекти
4. Почитување на крајните рокови поставени во временската рамка

*тежина при оценување на понудите согласно редослед на критериумите

**Контакт информации:**

Здружение Вина од Макеоднија
810 б.б, 1000 Скопје
Република Македонија
Т: 02/ 3244 097
e-mail: contact@wom.mk

**Лице за контакт:**

Елена Милошевска
Координатор
Тел: 072 239 048
e-mail: elena.miloshevska@wom.mk